РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР 10-1436/2
19.06.2025 ГОД
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Македонски центар за меѓународна соработка, застапник ул. Никола Парапунов 41А Скопје, со број 10-1436/1 од 03.06.2025 година, **Градоначалникот на Општина Ресен** го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од барателот Македонски центар за меѓународна соработка, застапник ул. Никола Парапунов 41А Скопје, со број 10-1436/1 Скопје заверено под број 10-1416/1 од 03.06.2025 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата Македонски центар за меѓународна соработка, преку елекртронската пошта на Општина Ресен поднесе барање информации од јавен карактер на ден 03.06.2025 година заверено под број 10-1416/1 со кое побара преку електронска пошта да му биде доставен електронски запис од следната информација: поединечно доделени средства преку Општина Ресен до крајните корисници од буџетската ставка 463 –трансфери до невладини организации во 2024 година; поединечно доделени средства преку Општина Ресен до крајните корисници-невладини организации од друга буџетска ставка (различна од 463).

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен Ве информира дека по основ на добиениот одговор од Секрор за финансиски прашања во прилог Ви доставуваме Табела 1 пополнета –Буџетска ставка 463 Трансфери до невладини организации за 2024 година; Поединечно поделени средства преку Општина Ресен до крајни корисници –невладини организации од друга буџетска ставка (различна од 463) нема.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
РЕСЕН

Табела -1

| Буџетска ставка -463 Трансфери до невладини организации за 2024 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Подставка** | **Примател** | **Назив на предлог - Проект** | **Износ** | **Со / Без Јавен оглас** |
| 463110 | Здружение Брајчино | Брајчински средби | 20.000 | без |
| 463110 | Здружение Љубојно | Љубански илинденски средби | 50.000 | без |
| 463110 | Езеро без граници | Актерот на Европа 2024 година | 100.000 | без |
| 463110 | Здружение музички педагози | Настап на музички натпревар во Србија | 25.000 | без |
| 463110 | Перовски рибар | Традиционални игри и турнир во Перово | 10.000 | без |
| 463110 | Про локал Битола | кофинансирање на Преспа камп фест | 60.000 | без |
| 463110 | Жар Преспа | Детска поетска манифестација Детски гласови 2024 | 30.000 | без |

Во 2024 година поединечно поделени средства преку Општина Ресен до крајни корисници - невладини организации од друга буџетска ставка ( различна од 463 ) нема.